Врз основа на член 57 од Законот за високото образование (Службен весник на Р. Македонија бр. 35/08, 26/09, 99/09, 115/10, 17/11 и 51/11) Ректорската управа на **Првиот приватен универзитет - ФОН**, распишува:

# К О Н К У Р С

## за запишување студенти на прв циклус студии во првиот уписен рок во академската 2011/2012 година

**1.** Во прва година на прв циклус на студии во академската 2011/2012 година можат да се запишат вкупно 1.500 студенти, на студиски програми на следните факултети во состав на **ФОН УНИВЕРЗИТЕТОТ**[1]:

**ФАКУЛТЕТ ЗА ПРАВНИ НАУКИ**
**ФАКУЛТЕТ ЗА ПОЛИТИЧКИ НАУКИ, ДИПЛОМАТИЈА И НОВИНАРСТВО**
**ФАКУЛТЕТ ЗА ЕКОНОМСКИ НАУКИ**
**ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАЦИСКО – КОМУНИКАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ**
**ФАКУЛТЕТ ЗА ДЕТЕКТИВИ И БЕЗБЕДНОСТ**
**ФАКУЛТЕТ ЗА ДИЗАЈН И МУЛТИМЕДИЈА**
**ФАКУЛТЕТ ЗА СПОРТСКИ МЕНАЏМЕНТ**
**ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИМЕНЕТИ СТРАНСКИ ЈАЗИЦИ**

- За студии во **Скопје**, кандидатите можат да конкурираат за упис на секој од факултетите и насоките на студирање од точка 1.
- За студии во дисперзираното одделение на Универзитетот во **Струга**, кандидатите можат да конкурираат за упис на следните факултети: Факултет за правни науки, Факултет за политички науки, дипломатија и новинарство, Факултет за економски науки, Факултет за информациско - комуникациски технологии, Факултет за детективи и безбедност и Факултет за применети странски јазици.
- За студии во дисперзираното одделение на Универзитетот во **Гостивар**, кандидатите можат да конкурираат за упис на следните факултети: Факултет за правни науки, Факултет за политички науки, дипломатија и новинарство, Факултет за економски науки, Факултет за информациско - комуникациски технологии, Факултет за детективи и безбедност и Факултет за применети странски јазици.
- За студии во дисперзираното одделение на Универзитетот во **Струмица**, кандидатите можат да конкурираат за упис на следните факултети: Факултет за правни науки, Факултет за економски науки, Факултет за детективи и безбедност и Факултет за применети странски јазици.

**2.** Доколку на одреден факултет или насока на дисперзираните одделенија се пријават помалку од 15 кандидати кои исполнуваат услови за запишување во прва година на прв циклус на студии, Универзитетот има право да не започне со настава на тој факултет, односно на таа насока на студии, а на пријавените кандидати ќе им понуди можност да се запишат на некоја од другите студиски програми.

**3.** Доколку на Факултетот за спортски менаџмент во Скопје се пријават помалку од 30 кандидати кои исполнуваат услови за запишување во прва година на прв циклус на студии, Универзитетот има право да не започне

[1] **Во постапка на акредитација се студиски програми усогласени со Законот за изменување и дополнување на Законот за високото образование (Службен весник на РМ бр. 17/2011). Доколку постапката за акредитација заврши пред започнување на академската 2011/2012 година, Универзитетот ќе организира настава по новите акредитирани студиски програми**

со настава на Факултетот, а на пријавените кандидати ќе им понуди можност да се запишат на некоја од другите студиски програми.

4. Наставата ќе се изведува на македонски, албански и на англиски наставен јазик.

5. Кандидатите се запишуваат како редовни студенти. Кандидатите кои имаат засновано редовен работен однос или кои поради здравствени причини не се во можност редовно да ја следат наставата, можат да се запишат како вонредни студенти.

6. Право на запишување во прва година на прв циклус на студии, во првиот уписен рок, имаат кандидати со завршено четиригодишно средно образование и положено државна матура или меѓународна матура.

Право на запишување во прва година на прв циклус на студии во вториот и во третиот уписен рок имаат и кандидати кои положиле училишна матура или завршен испит по завршување на соодветно средно стручно образование со четиригодишно траење.

Право на запишување во прва година на прв циклус на студии имаат и кандидатите кои завршиле средно образование пред учебната 2007/2008 година и кои не полагале државна матура.

Право на запишување во прва година на прв циклус на студии имаат и кандидати кои од Министерството за образование и наука имаат нострифицирано странска диплома во ранг на четиригодишно средно образование.

Странски државјани може да се запишат на студии под истите услови како и државјаните на Р. Македонија.

По исклучок, на студии можат да се запишат и лица без предходно завршено соодветно средно образование, доколку се работи за исклучително надарени лица за кои може да се очекува дека и без завршено предходно образование успешно ќе ги завршат студиите.

7. Рангирањето на пријавените кандидати се врши врз основа на вреднување изразено во поени за успехот од средното образование и државната матура, односно од училишната матура или завршниот испит. Кандидатите кои имаат завршено средно образование пред учебната 2007/2008 година и кандидатите кои завршиле средно образование во странство, се запишуваат само врз основа на успехот од средното училиште.

8. Школарината за една академска година изнесува 2.000 евра.

Годишната школарина за прва година на студии може да се уплатува на еден од следните начини:

- **Уплата на годишната школарина еднократно.**
  Студентите кои целосната школарина ќе ја уплатат еднократно, имаат право на следниот попуст:
  - попуст во висина од 10% од годишната школарина, односно во износ од 200 евра, доколку школарината во целост се уплати до 31 август 2011 година;
  - попуст во висина од 5% од годишната школарина, односно во износ од 100 евра, доколку школарината во целост се уплати до 10 октомври 2011 година.
- **Уплата на годишната школарина на рати.** Студентите имаат можност да изберат една од следните опции:
  - уплата на школарината на 10 еднакви месечни рати во износ од по 200 евра;
  - уплата на 200 евра при конкурурањето за упис, додека остатокот од 1.800 евра може да се плати на 10 еднакви месечни рати во износ од по 180 евра;
  - уплата на 500 евра при конкурурањето за упис, додека остатокот од 1.500 евра може да се плати на 10 еднакви месечни рати во износ од по 150 евра.
    **Доколку депозитот од 500 евра биде уплатен најдоцна до 31 мај 2011 година, Универзитетот дозволува**

**посебен попуст во висина од 15% од годишната школарина, односно попуст во износ од 300 евра. Остатокот од 1.200 евра, до полниот износ на школарината со дозволениот попуст, може да се уплати еднократно или на 10 еднакви месечни рати од по 120 евра.**

Сите износи кои во овој конкурс се изразени во евра, се плаќаат во денарска противвредност.

**Универзитетот дозволува посебни попусти во финансирањето на студиите за студентите на ФОН кои се во тесна роднинска врска.**
**Универзитетот ги ослободува од самофинасирање децата без родители.**

**9.** Првиот уписниот рок започнува од денот на распишување на конкурсот и трае до **31.08.2011.**

При пријавување за упис потребна е следната документација:

- Документ за положена државна, меѓународна, училишна матура или завршен испит;
- Свидетелства од четирите години на средно образование;
- Извод од матична книга на родени, и
- Уверение за државјанство.

Сите документи се доставуваат во оригинал, секој работен ден и Сабота од 08.00 до 20.00 часот.

## ПРВ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ – ФОН

**Скопје, бул. Војводина б.б., тел. 02/2 44 55 55/2 44 55 05/2 44 55 01**
**Струга, ул. ЈНА б.б., тел. 046/78 50 45/78 50 00**
**Гостивар, ул. Борис Кидрич бр. 8, тел. 042/55 05 95**
**Струмица, ул. Елка Јанева б.б., тел. 034/32 02 50**

**www.fon.edu.mk**
**info@fon.edu.mk**